ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ



Број: 11-1464/9
Датум: 07.08.2025
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г4.1 - ОТВОРЕНИ, ПОЛУЗАТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СКЛАДИШТА ЗА ИНДУСТРИСКА СТОКА НА КП 677, 678, 679, КО БАРДОВЦИ И КП 12, 13/1, 14, 15, 16, 17, 18 И 22, КО ЗЛОКУЌАНИ, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 677, 678, 679, КО Бардовци и КП 12, 13/1, 14, 15, 16, 17, 18 и 22, КО Злокуќани, Општина Карпош - Скопје, со својата местоположба припаѓа на катастарските општини Бардовци и Злокуќани во Општина Карпош.

Просторот дефиниран за изработка на предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Карпош, Скопје.

Границата на проектниот опфат е дефинирана во рамки на катастарските парцели КП 677, 678, 679, КО Бардовци и КП 12, 13/1, 14, 15, 16, 17, 18 и 22, КО Злокуќани, Општина Карпош – Скопје, и во тие рамки дефинираниот проектен опфат зафаќа површина од 27336,19м$^2$ (2,73ха), при што се формираат две градежни парцели кои се со површина од: ГП 1.1 со површина од 27169м2 и ГП 1.2 (трафостаница) со површина од 167м2.

Предмет на изработка е оформување на нови градежни парцели согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за

урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформените градежни парцели. На КП 679, дел од КП 677, дел од КП 678, КО Бардовци и КП 12, 13/1, 14, 15, 16, 17, 18 и 22, КО Злокуќани, се формира градежна парцела ГП 1.1 со површина од 27169м2, додека на дел од КП 677, и дел од КП 678, КО Бардовци се формира градежната парцела ГП 1.2 со површина од 167м2 за потребите на ЕВН Македонија за поставување на трафостаница. Во рамки на градежната парцела ГП 1.1 се планираат и внатрешни сообраќајници, стационарен сообраќај - паркинг како и површини со ниско и високо зеленило.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 677, 678, 679, КО Бардовци и КП 12, 13/1, 14, 15, 16, 17, 18 и 22, КО Злокуќани, Општина Карпош – Скопје е опфатен со Просторниот план на Република Македонија и за проектниот опфат се изработени и добиени Услови за планирање од страна на Агенција за планирање на просторот со тех. бр. Y40524, од Ноември 2024 година, за кои е добиено Решение за услови за планирање од страна на Министерство за живота средина со арх.бр УП1-15 2087/2024 од 11.12.2024 година.

Проектниот опфат се надоврзува на постоен некатегоризиран пат на КП 1673 КО Визбегово, преку источната страна на проектниот опфат и истиот ќе се користи за пристап до градежните парцели.

Границата на проектниот опфат е опишана на следниот начин:
На исток се граничи со постоен пат опфатен со КП 1673 КО Визбегово, КП 11 и КП 13/2 КО Злокуќани, на југ се граничи со КП 19, КП 21, КП 22, КП 24 и КП 23 КО Злокуќани, потоа продолжува кон запад, каде се граничи со КП 686, КП 685, КП 684, КП 682, КП 681, КП 680 и КП 676 КО Бардовци.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Јавната акета за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 677, 678, 679, КО Бардовци и КП 12, 13/1, 14, 15, 16, 17, 18 и 22, КО Злокуќани, Општина Карпош - Скопје, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена, од 15.08.2025 година до 29.08.2025 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното

подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Проверил:
Раководител на сектор,
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски